# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

e-mail:elsdhisar@mt.net.mk web site:www.demirhisar.org.

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 01.12.2010г Ж-СКА 722014034763019 -НБРМ
ОПШТИНА Д-ХИСАР БРОЈ 11 ПРЕТПЛАТА ЗА 2010 ГОД
ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА ИЗНЕСУВА 500 ДЕНАРИ
ОГЛАСИ ПО ТАРИФА Д-ХИСАР ЕДЕН БРОЈ ЧИНИ 50 ДЕН


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за дополнување на Програмата за донесување УП на општина Демир Хисар за 2010 година**

1.Ја објавувам Одлуката за дополнување на Програмата за донесување на УП за Општина Демир Хисар за 2010 година донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 977/1**
**01.12.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***221.*** Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, бр. 24/08-пречистен текст и Измените и дополнувањата на Законот за просторно и урбанистичко планирање, бр. 91/2009) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.11.2010 год. донесе

**О Д Л У К А**
***за дополнувања на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2010год.***

**Член 1**

Во Програмата за донесување, изменување и дополнување на Урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2010год., во глава IV, која се однесува на изработка на локална урбанистичка планска документација се додава следната точка:
**- Точка бр. 9,** која се однесува на изработка на **локална урбанистичка планска документација** за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар, со намена Г-2- лесна и незагадувачка индустрија, на КП бр. 1230, 1235, 1234, 1236, 1237, 1238 и делови од катастарските парцели 1231, 1233, 1229 и 1227- сите КО Суводол, општина Демир Хисар, со точна површина која ќе се утврди со изработката на ЛУПД, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука. Измената на Програмата се врши на барање на „Агрофарм“ ДООЕЛ од Демир Хисар, доставено до општина Демир Хисар, бр. 11-51/1 од 30-11-2010 год.

**Член 2**

Согласно чл. 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на плановите од Програмата, може да биде од страна на правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општините.

**Член 3**

Програмата влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 07-976/2
30.11.2010 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
*Љупчо Анѓелески с.р.*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 977/2**
**01.12.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***222.*** Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, бр. 24/08-пречистен текст и Измените и дополнувањата на Законот за просторно и урбанистичко планирање, бр. 91/2009) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.11.2010 год. донесе

## О Д Л У К А

***за отпочнување на изработка на локална урбанистичка планска документација*** за ***изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар***

**Член 1**

Се отпочнува со изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар, општина Демир Хисар, со точна површина која ќе се утврди со изработката на ЛУПД, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Оваа одлука се донесува се врши на барање на „Агрофарм" ДООЕЛ од Демир Хисар, доставено до општина Демир Хисар, бр. 11-51/1 од 30-11-2010 год., а согласно чл. 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на локалната урбанистичка планска документација **документација** за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар ќе биде финансирано од страна на подносителот на иницијативата.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Сл. гласник на Општина Демир Хисар

Бр. 07-976/3
30.11.2010 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
*Љупчо Анѓелески с.р.*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2011 година**

1.Ја објавувам Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2011 година донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 977/3**
**01.12.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***223.*** Врз основа на член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар /"Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02;4/05 и 7/09/ и член 101 од Деловникот за работа на Советот на Општина Демир Хисар /"Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02/, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.11. 2010 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2011 година

Вовед

Заради остварување на законски утврдени надлежности на Советот на Општина Демир Хисар со оваа Програма се остварува начелото на програмирање на задачи и активности што се во надлежност на Советот на општината, а се утврдени со Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Демир Хисар и други законски и подзаконски акти.

Во Програмата се утврдуват називите на активностите што ќе се реализираат во текот на 2011 година, носителите на изработка на метеријалите, предходно разгледување низ комисиска расправа и усвојување од страна на Советот.

Во концепирањето наа Програмата користени се во најголема мера предлози од Градоначалникот и општинската администрација, јавни претпријатија и установи, општински организации како и комисиски и други предлози. Со оглед да се работи за започнатиот процес децентрализација кој ќе тече подолг период секако дека ќе има потреба се до усвојувањето на Програмата, а и после нејзиното донесување да се јават потреби од разгедување на материјали пред Советот, а кој не се влезени во Програмата што укажува на фактот дека таа е од отворен карактер и може да се дополнува.

ПОСЕБЕН ДЕЛ

*ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ, МАРТ-I Тромесечие*

1.Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2010 година.
Изготвува: општинската администрација
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Советот на општината.

2.Годишен извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2010 год.
Изготвува: општинската администрација
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Советот на општината.

3.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2010 година за IV квартал
Изготвува: општинската администрација
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Советот на општината.

4.Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2011 година
Изготвува: општинската администрација
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Советот на општината.

5. Извештај за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита за 2010 година.
Изготвува: Одделение за ЛЕР
Разгледува: Комисија за опшествени дејнсоти
Усвојува: Советот на општината.

6.Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита за 2011 година.
Изготвува: Одделение за ЛЕР
Разгледува: Комисија за опшествени дејнсоти
Усвојува: Советот на општината.

7. Извештај за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спортот и младите за 2010 година.
Изготвува: Одделение за ЛЕР
Разгледува: Комисија за опшествени дејнсоти
Усвојува: Советот на општината.

8. Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спортот и младите за 2011 година.
Изготвува: Одделение за ЛЕР
Разгледува: Комисија за опшествени дејнсоти
Усвојува: Советот на општината.

9. Извештај за активностите на Општина Демир Хисар за подршка на Здруженија на граѓани и невладини организации за 2010 година.
Изготвува: Одделение за ЛЕР
Разгледува: Комисија за опшествени дејнсоти
Усвојува: Советот на општината.

10. Програма за активностите на Општина Демир Хисар за подршка на Здруженија на граѓани и невладини организации за 2011 година.
Изготвува: Одделение за ЛЕР
Разгледува: Комисија за опшествени дејнсоти
Усвојува: Советот на општината.

11.Програма за вршење на работата на јавната чистота за 2011 година.
Изготвува: општинска администрација
Разгледува: Комисија за јавни комунални дејности
Усвојува: Советот на општината.

12.Извештај за работата на ЈКП„Комуналец„ Демир Хисар за 2010 година .
Изготвува: ЈКП"Комуналец" Демир Хисар
Разгледува: Комисија за јавни комунални дејности
Усвојува: Советот на општината.

13.План за работа на ЈКП"Комуналец" за 2011 година
Изготвува: ЈКП"Комуналец" Демир Хисар
Разгледува: Комисија за комунални дејности
Усвојува: Советот на општината.

14.Извештај за работа на Дом на култура "Илинден" Демир Хисар за 2010 г.
Изготвува: Дом на култура "Илинден" Демир Хисар
Разгледува: Комисија за опшествени дејности
Усвојува: Совет на Општина Демир Хисар

15.План за работа на Домот на културата "Илинден" Демир Хисар за 2011 година.
Изготвува: Дом на култура "Илинден" Демир Хисар
Разгледува: Комисија за опшествени дејности
Усвојува: Совет на општината

16.Завршна сметка на ЈКП"Комуналец" Демир Хисар за 2010 година.
Изготвува: ЈКП "Комуналец" Демир Хисар
Разгледува:Ком.за финан. и буџет/Надзорен одбор на Комуналец
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

17.Завршна сметка на Дом на култура"Илинден" Демир Хисар за 2010 г.
Изготвува:Дом на култура"Илинден" Демир Хисар
Разгледува:Надзорен одбор за матер. финан работење.
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

18.Завршна сметка од ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар за 2010 година.
Изготвува: ОУ "Гоце Делчев" Демир Хисар
Разгледува: Училишен одбор
Усвојува: Совет на Општина Демир Хисар

19.Завршна сметка од ОУ "Браќа Миладиновци" с.Жван за 2010 година.
Изготвува: ОУ "Браќа Миладиновци" с.Жван
Разгледува: Училишен одбор
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

20.Завршна сметка на ОУ"Даме Груев" с.Смилево за 2010 година.
Изготвува: ОУ "Даме Груев" с.Смилево
Разгледува:Училишен одбор
Усвојува:Совет на општина Демир Хисар

21.Завршна сметка на ДСУ "Крсте П.Мисирков" Демир Хисар за 2010 г.
Изготвува:ДСУ "Крсте П. Мисирков" Демир Хисар
Разгледува: Училишен одбор
Усвојува: Совет на Општина Демир Хисар

22.Завршна сметка на ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар за 2010г.
Изготвува: ЈОУД детска градинка "2-ри Септември " Демир Хисар
Разгледува: Управен одбор
Усвојува: Совет на Општина Демир Хисар

23.Извештај за реализирани активности на Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар во 2010 година.
Изготвува:општинска администрација
Разгледува: Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

24.Извештај за работењето на ПС од општа надлежност Демир Хисар за 2010 година.
Изготвува: ПС од општа надлежност Демир Хисар
Разгледува: Комисија за опшествени дејности
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

25.Информација за состојбата со наплата на комуналната такса за 2010 година.
Изготвува:општинска администрација -Одделение за финансии
Разгледува:Комисија за финансии и буџет
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

26.Информација за состојбата со наплата на данок на имот за 2010 година.
Изготвува:општинска администрација-Одделение за финансии
Разгледува:Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на Општина Демир Хисар

*АПРИЛ, МАЈ, ЈУНИ-II Тромесечие*

27.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2011 година за I квартал
Изготвува: општинската администрација
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Советот на општината.

28.Информација за водоснабдување во Општина Демир Хисар.
Изготвува: ЈКП,,Комуналец,, Демир Хисар
Разгледува: Комисија за јавни комунални дејности
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

29.Информација за работењето на градскиот пазар.
Изготвува: ЈКП"Комуналец" Демир Хисар
Разгледува: Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

30. Одлука за уредување на јама за закоп на угинати животни.
Изготвува: општинска администрација
Разгледува:Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

31.Извештај за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата за сезина 2009/2010 година
Изготвува: општинска администрација
Разгледува: Комисија за урбанизам ЗЖС и комунални дејности
Усвојува: Совет на Општина Демир Хисар

32. Програма за работно ангажирање на корисниците на социјална заштита за 2011 година.
Изготвува: општинска администрацијаи Агенција за вработување и Центар за социјални грижи
Разгледува:Комисија за работно ангажирање на кор.на соц.помош
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар
33.План за јавност во работата на општина Демир Хисар за 2011 година
Изготвува: општинска администрација ЛЕР
Разгледува: Комисија за опшествени дејности
Усвојува: Совет на Општина Демир Хисар

*ЈУЛИ, АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ-III Тромесечие*

34.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2011 година за II квартал
Изготвува: општинската администрација
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Советот на општината.

35.Извештај за шест месечно работење на ЈКП,,Комуналец,, Демир Хисар
Изготвува: ЈКП,,Комуналец,, Демир Хисар
Разгледува: Комисија за јавни комунални дејности
Усвојува: Совет на Општина Демир Хисар

36.Извештај за шест месечно работење на ПС од општа надлежност Демир Хисар
Изготвува: ПС од општа надлежност Демир Хисар
Разгледува: Комисија за опшествени дејности
Усвојува: Совет на Општина Демир Хисар

37.Извештај за работа на ОУ"Гоце Делчев" за 2010/2011 година.
Изготвува: ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар
Разгледува:Комисија опшествени дејности
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

38.Извештај за работа на ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван за 2010/2011 година.
Изготвува: ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван
Разгледува:Комисија за опшествени дејности
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

39.Извештај за работа на ОУ"Даме Груев" с.Смилево за 2010/2011 година.
Изготвува: ОУ "Даме Груев" с.Смилево
Разгледува:Комисија за опшествени дејности
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

40.Извештај за работа на ДСУ "Крсте П.Мисирков" Демир Хисар за 2010/2011 година.
Изготвува: ДСУ"Крсте П.Мисирков" Демир Хисар
Разгледува:Комисија за опшествени дејности
Усвојува: Совет на Општина Демир Хисар

41.Извештај за работа на ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар за 2010/2011 година.
Изготвува: ЈОДСдетска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар
Разгледува:Комисија за опшествени дејности
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

42.Програма за работа на ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар за 2011/2012 година.
Изготвува: ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар
Разгледува: Комисија за опшествени дејности
Усвојува:Совет на општина Демир Хисар

43.Програма за работа на ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван за 2011/2012 година.
Изготвува: ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван
Разгледува:Комисија за опшествени дејности
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

44.Програма за работа на ОУ"Даме Груев" с.Смилево за 2011/2012 година.
Изготвува: ОУ "Даме Груев" с.Смилево
Разгледува:Комисија за опшествени дејности
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

45.Програма за работа на ДСУ"Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за 2011/2012 година.
Изготвува: ДСУ"Крсте П.Мисирков" Демир Хисар
Разгледува:Комисија за опшествени дејности
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

46.Програма за работа на ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар за 2011/2012 година.
Изготвува:ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар
Разгледува:Комисија за опшествени дејности
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

47. Програма за зимско одржување на патиштата и улиците за 2011/2012 година.
Изготвува: општинска администрација
Разгледува:Комисија за јавни комунални дејности
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

*ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ-IV Тромесечие*

48.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2011 година за III квартал
Изготвува: општинската администрација
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Советот на општината.

49.Одлука за Ребаланс на буџетот за 2011 година.
Изготвува: општинска администрација
Разгледува:Комисија за финансии и буџет
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

50.Информација за жетвените активности во Демир Хисар за 2010 година.
Изготвува: општинска администрација и ПЕ за земјоделие
Разгледува:Комисија за месна самоуправа
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

51. Програма за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2012 година.
Изготвува: општинска администрација и Претседател на Совет
Разгледува:Комисија за изготвување на Програмата
Усвојува: Совет на Општина Демир Хисар

52. Програма за изработка на УП на Општина Демир Хисар за 2012
Изготвува: општинска администрација
Разгледува Комисија за за урбанизам ЗЖС и комунални дејности
Усвојува: Совет на општина Демир Хисар

53.Програма за изработка на локална урбанистичка планска документација на Општина Демир Хисар за 2012 година
Изготвува: општинска администрација
Разгледува Комисија за за урбанизам ЗЖС и комунални дејности
Усвојува: Совет на општина Демир Хисар

54.Програма за уредување на градежно земјиште во Демир Хисар за 2012 година
Изготвува: општинска администрација
Разгледува Комисија за за урбанизам ЗЖС и комунални дејности
Усвојува: Совет на општина Демир Хисар

55.Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2012 година
Изготвува: општинска администрација
Разгледува Комисија за за урбанизам ЗЖС и комунални дејности
Усвојува: Совет на општина Демир Хисар

56.План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2012 година
Изготвува: општинска администрација
Разгледува Комисија за за урбанизам ЗЖС и комунални дејности
Усвојува: Совет на општина Демир Хисар

57.Извештај за реализација на Програма за јавно осветлување во Општина Демир Хисар за 2010 година

Изготвува: општинска администрација
Разгледува Комисија за јавни и комунални дејности
Усвојува: Совет на општина Демир Хисар

58. Програма за јавно осветлување во Општина Демир Хисар за 2011 година

Изготвува: општинска администрација
Разгледува Комисија за јавни и комунални дејности
Усвојува: Совет на општина Демир Хисар

59.Буџет на Општина Демир Хисар за 2012 година

Изготвува: општинска администрација
Разгледува:Комисија за финансии и буџет
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

60.Одлука за извршување на буџетот на Општина Демир Хисар за 2012 година.

Изготвува: општинска админисреација
Разгледува:Комисија за финансии и буџет
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

61.Одлука за дочек на Нова година-2012

Изготвува:Комисија за обележување на празници
Разгледува:Комисија за обележување на празници
Усвојува:Совет на Општина Демир Хисар

ЗАВРШЕН ДЕЛ

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите и предлагачите на материјалите кој се должни да го почитуваат утврдените рокови.

Во текот на 2011 година Советот на Општина Демир Хисар ќе разгледува и усвојува и други дополнителни прашања кој ќе произлезат од непосредното работење.

Програмата да се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 07-976/4 | Совет на општина Демир Хисар
30.11.2010 година | Претседател,
Демир Хисар | *Љупчо Анѓелески с.р.*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2010 година на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2010 година на подрачјето на Општина Демир Хисар донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 977/4**
**01.12.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***224.*** Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /“Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09 / Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.11.2010 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2010 година на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2010 година на подрачјето на Општина Демир Хисар.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 976/5**
**30.11.2010 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за јавно осветлување за 2011 година на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Програмата за јавно осветлување за 2011 година на подрачјето на Општина Демир Хисар донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 977/5**
**01.12.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***225.*** Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр. 5/2002), член 43 став 1 точка 22 од Статутот на Општина Демир Хисар („Сл. Гласник на Општина Демир Хисар„ бр.3/2002), Советот на Општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 30.11.2010 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
за јавно осветлување за 2011 година
на подрачјето на Општина Демир Хисар

Со оваа Програма се утврдуваат работите по однос на јавното осветлување на територијата на Општина Демир Хисар, кои се предвидуваат да се одвиваат во три нивоа:

1.Контрола

-на потрошена електрична енергија;
-на техничка исправност на светилките и инсталациите;

2.Проширување на нисконапонската мрежа-улично осветлување

3.Одржување на улично осветлување

Трите предвидени нивоа ќе се реализираат по Урбани единици, сукцесивно према извештајот од контролата, а согласно прибраните средства.

АД EVN, КЕЦ-Битола ги прибира средствата на име комунална такса за јавно осветлување и истите ги уплаќа согласно Законските прописи, на сметка на Буџетот на Општина Демир Хисар.

Спрема регистрираните потрошувачи на територијата на Општина Демир Хисар, за 2011 година се предвидува да се приберат околу **5.100.000,00** денари кои ќе се распределат за:

| | |
|---|---|
| -Потрошена електрична енергија | 3.790.000,00 ден. |
| Контрола | 10.000,00 ден. |
| -Проширување на НН мрежа за улич. осветлување | 1.000.000,00 ден. |
| -Одржување на улично осветлување | 300.000,00 ден. |

**1.Контрола**

-потрошена електрична енергија;
-евидентирање на број и местоположба на броилата;
-евидентирање на состојба на броилата еднаш во месецот;
-евидентирање на диви приклучоци на уличната мрежа.
-техничка исправност на мрежата;
-техничка исправност на броилата;
-техничка исправност на улични светилки;
-техничка исправност на декоративни светилки;
-техничка исправност на опремата.

Извештајот на извршена контрола еднаш месечно.

**2.Проширување/реконструкција на нисконапонската мрежа за осветлување**

а.) Осветлување на постојни улици во градот Демир Хисар и населените места каде досега нема мрежа за улично осветлување или е потребна реконструкција на истата.

**3.Одржување на улично осветлување**

а). Улично осветлување и
б). Декоративно осветлување.

Набавката на материјалите и работната рака за предвидените работи по оваа Програма ќе биде извршена преку распишување на тендер.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Демир Хисар,,.

Бр.07-976/6
30.11.2011 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
*Љупчо Анѓелески с.р.*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Планот за развојни програми за 2010 година на Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Планот за развојни програми за 2010 година на подрачјето на Општина Демир Хисар донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 977/6**
**01.12.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***226.*** Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /“Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09 / Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.11.2010 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Планот за развојни програми за 2010 година на Општина Демир Хисар**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Планот за развојни програми за 2010 година на Општина Демир Хисар.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 976/7** **Совет на општина Демир Хисар**
**30.11.2010 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** ***Љупчо Ангелески с.р***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Планот за развојни програми за 2011 година на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Планот за развојни програми за 2011 година на подрачјето на Општина Демир Хисар донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 977/7** **Општина Демир Хисар**
**01.12.2010 година** **Градоначалник,**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р***

***227.*** Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Сл. весник на РМ“ бр.4/2008), а согласно член 43, став 1, точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр. 3/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 30.11.2010 година, донесе

***ПЛАН ЗА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ***
***На општина Демир Хисар за 2011 година***

Согледувајќи ги потребите на граѓаните, а поаѓајќи од целта за подобрување на квалитетот на животот на територијата на општина Демир Хисар, ценејќи ги општите текови и особено потребата од развој во натамошниот период во областите од економскиот развој и комуналното уредување, општина Демир Хисар особено ќе развива планови и програми и тоа:

## 1. Развојна програма-
## Изградба на фекална канализација с.Слоештица

Изградбата на фекалната канализација с.Слоештица е започната на 09.12.2008 година. До крајот на 2009 година од вкупно 3310 м[1] канализациона мрежа и 97 ревизиони, односно каскадни шахти, изградена е канализациона мрежа во должина од 2348 м[1] и 61 ревизиона, односно каскадна шахта. Вкупната вредност на фекалната канализација по договор за градба изнесува 7.093.132,00 денари и до крајот на 2009 година се реализирани вкупно 3.464.619,15 денари.

Со оваа развојна програма предвидено е да се доизгради преостанатата канализациона мрежа во должина од 962 м[1] и 36 ревизиони, односно каскадни шахти. Пречистителна станица за с.Слоештица за која има изработено техничка документација-основен проект ќе започне со градба после 2013 година. Со завршување на наведените објекти ќе се подобри здравјето на граѓаните и општото здравје на речниот екосистем.

Фекалната канализација се гради согласно изработената (ревидирана) техничката документација-основниот проект во 2007 година.

Ризик постои околу навременото решавање на имотно-правните работи (дополнителни барања на граѓаните на с.Слоештица).

Датум на завршување на проектот-фекална канализација се планира до 15.11.2012 година.

Се планира вкупната вредност на оваа развојна програма да изнесува 3.628.513,00 денари (за доизградба на фекалната канализација).

Оваа развојна програма се однесува за периодот од 2011 година до 2012 година. Но, имајќи ја во предвид актуелноста на проблемот со здравјето на граѓаните и општото здравје на речниот екосистем, стандардот на живеење, прекинување на миграцијата село-град, а воедно и создавање на услови за повторно заживување на селото, равојната програма за изградба на фекална канализација и пречистителна станица с.Слоештица ќе продолжи и во наредните години (после 2012 година со реализација на проектот-пречистителна станица).

Поради големиот обем и висина на потребните финансиски средства кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, а кои изнесуваат 3.628.513,00 денари, доизградбата ќе се извршува фазно во наредните две години, односно до 2012 година.

За реализација на оваа развојна програма за 2011 година се предвидени средства во износ од 1.550.000,00 денари, а 2.078.513,00 денари се планираат во 2012 година.

За реализација на оваа развојна програма покрај планираните средства од изворните приходи на Буџетот на општина Демир Хисар, ќе се користат средства од Буџетот на Република Македонија преку соодветните програми од Фонд за водите на Република Македонија.

**2. Развојна програма-**
**Изградба на канал за наводнување „Прибилци“**

Со оваа програма се предвидува да се продолжи изградбата на каналот за наводнување „Прибилци“ кој е започнат со градба во 2002 година. До 2009 година изграден е зафат за наводнување на река „Црна“, затворен канал во должина од 1010 $м^1$ и сифонски премин преку река „Жаба“, но истиот сеуште не може да се користи за наводнување.

Со оваа развојна програма предвидено е да се изработи дел од отворениот канал за наводнување во должина од 1520,00 $м^1$, со што би се овозможило наводнување на дел од земјоделските површини околу с.Прибилци.

Отворениот канал за наводнување во должина од 1520,00 $м^1$ ќе се гради согласно изработената (ревидирана) техничката документација-основниот проект во 2009 година, а за останатата делница во должина од 3.818,00 $м^1$ техничката документација ќе биде изработена (ревидирана) во текот на 2011 година.

Ризик постои околу решавање на имотно-правните работи.

Датум на започнување со имплементација на проектот се планира 01.05.2011 година, а датум на завршување на проектот се планира 15.11.2013 година.

Се планира вкупната вредност на развојната програма да изнесува 7.397.302,00 денари (за должина на каналот од 1.520,00 $м^1$).

Оваа развојна програма се однесува за периодот од 2011 година до 2013 година. Но, имајќи ја во предвид актуелноста на проблемот со наводнување на земјоделските површини во другите населени места (с.Сладуево, с.Журче и с. Граиште) и создавање на услови за зголемување на квантитетот и квалитетот на производените земјоделски култури, стандардот на живеење, прекинување на миграцијата село-град, а воедно и создавање на услови за повторно заживување на селата, равојната програма за изградба каналот за наводнување ќе продолжи и во наредните години (после 2013 година).

Поради големиот обем и висина на потребните финансиски средства кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, а кои изнесуваат 7.397.302,00 денари, изградбата ќе се извршува фазно во три години, започнувајќи од 2011 година па се до 2013 година.

За реализација на оваа развојна програма за 2011 година се предвидени средства во износ од 4.000.000,00 денари, а по 1.700.000,00 денари се планираат во 2012 и во 2013 година.

За реализација на оваа развојна програма покрај планираните средства од изворните приходи на Буџетот на општина Демир Хисар, ќе се користат средства од Буџетот на Република Македонија преку соодветните програми од Фонд за водите на Република Македонија.

Овај план за развојни програми влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Хисар“.

Бр. 07-976/8
30.11.2010 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Председател,
Љупчо Ангелески с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за жетвените активности за 2010 година на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за жетвените активности за 2010 година на подрачјето на Општина Демир Хисар донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 977/8**
**01.12.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***228.*** Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /“Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09 / Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.11.2010 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Информацијата за жетвените активности на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за жетвените активности на подрачјето на Општина Демир Хисар.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 976/9**
**30.11.2010 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 71 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за кадровско пополнување на силите за заштита и спасување**

1.Ја објавувам Одлуката за кадровско пополнување на силите за заштита и спасување донесена од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 977/9**
**01.12.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***229.*** **Врз основа на одредбите на членовите 4, 34, 35 и 94 од Законот за заштита и спасување (Службен весник бр.36/04), член 22 став 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02,), Уредбата за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр.124/06), Уредбата за начинот на пополнувањето на резервниот состав на силите за заштита и спасување и средствата од материјалната обврска (Службен весник на РМ бр.18/06), а во врска со Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и просторни сили за заштита и спасување во општина Демир Хисар донесена од страна на Советот на општина Демир Хисар на 30.06.2008 година, Градоначалникот на општина Демир Хисар донесува:**

**Одлука за кадровско пополнување на силите за заштита и спасување.**

**Член 1**

**Со оваа одлука кадровски се пополнуваат просторните сили за заштита и спасување на општина Демир Хисар.**

**Член 2**

**Кадровските сили се пополнети на следниов начин и следниов состав:**

| Р.Б. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ДОЛЖНОСТ | АДРЕСА |
|---|---|---|---|
| **-ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР-** | | | |
| 1 | Живко Дранговски | Командант на штаб за ЗиС | Белче |
| 2 | Васко Младеновски | Началник на штаб за ЗиС | Ново Село |
| 3 | Злате Наумовски | Помошник началник за оперативни работи | Кутретино |
| 4 | Снежана Најдовска | Помошник началник за прва помош | Демир Хисар |
| 5 | Николче Огненовски | Помошник началник за згрижување и евакуација | Стругово |
| 6 | Васко Бојаџиев | Помошник началник за ЗиС од пожари | Демир Хисар |
| 7 | Николче Наумчевски | Помошник началник за ЗиС од поплави | Сопотница |
| 8 | Горан Димовски | Извршител-администатор | Демир Хисар |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **9** | **Зоран Стевановски** | **Извршител-курир/возач** | **Демир Хисар** |
| **10** | **Стевче Мицковски** | **Извршител-курир/возач** | **Журче** |
| **-ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ-** | | | |
| **11** | **Живко Тумбевски** | **Командир на одделение** | **Сопотница** |
| **12** | **Жана Србиновска** | **Водител на 1 екипа** | **Демир Хисар** |
| **13** | **ВалентинаТрајковска** | **Извршител на 1 екипа** | **Демир Хисар** |
| **14** | **Билјана Грујовска** | **Извршител на 1 група** | **Кутретино** |
| **15** | **Македонка Бошковска** | **Водител на 2 група** | **Слепче** |
| **16** | **Ленче Китановска** | **Извршител на 2 група** | **Демир Хисар** |
| **17** | **Силвана Јосифовска** | **Извршител на 2 група** | **Демир Хисар** |
| **18** | **Гордана Здравевска** | **Водител на 3 екипа** | **Демир Хисар** |
| **19** | **Зорица Велјановска** | **Извршител на 3 група** | **Демир Хисар** |
| **20** | **Драга Василевска** | **Извршител на 3 група** | **Белче** |
| **21** | **Илија Најдовски** | **Извршител-возач/курир** | **Демир Хисар** |
| **-ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗГРИШУВАЊЕ И ЕВАКУАЦИЈА-** | | | |
| **22** | **Веле Стојановски** | **Командир на одделение** | **Демир Хисар** |
| **23** | **Кире Стојкоски** | **Водител на 1 екипа за администативно технички работи** | **Демир Хисар** |
| **24** | **Живко Јошевски** | **Домаќин** | **Демир Хисар** |
| **25** | **Марјанчо Илиовски** | **Администатор** | **Граиште** |
| **26** | **Злате Ангелевски** | **Хаус мајстор** | **Демир Хисар** |
| **27** | **Николче Поповски** | **Извршител-возач** | **Демир Хисар** |
| **28** | **Љупка Фидановска** | **Водител на 2 екипа за санитетски и интендантски работи** | **Битола** |
| **29** | **Јулијана Мијаковска** | **Извршител за медицинско згрижување** | **Демир Хисар** |
| **30** | **Горан Велевски** | **Извршител-готвач** | **Света** |
| **31** | **Ацо Јоновски** | **Извршител-готвач** | **Света** |
| **32** | **Вецко Најдовски** | **Извршител-возал** | **Света** |
| **-ВОД ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ-** | | | |
| **33** | **Ромео Матевски** | **Командир на вод** | **Демир Хисар** |
| **34** | **Васко Трајковски** | **Заменик командир на вод** | **Сопотница** |
| **35** | **Николче Петревски** | **Извршител-возач на комадирот** | **Света** |
| **36** | **Димче Лозевски** | **Командир на 1 одделение** | **Стругово** |
| **37** | **Дејан Босилковски** | **Командир на 2 одделение** | **Журче** |
| **38** | **Александар Јанковски** | **Командир на 3 одделение** | **Демир Хисар** |
| **39** | **Оливер Митревски** | **Водител-пожарникар на 1 екипа** | **Света** |
| **40** | **Горан Крстановски** | **Водител-пожарникар на 2 екипа** | **Демир Хисар** |
| **41** | **Дејан Настевски** | **Водител-пожарникар на 1 екипа** | **Суводол** |
| **42** | **Николче Колевски** | **Водител-пожарникар на 2 екипа** | **Стругово** |
| **43** | **Александар Мицевски** | **Водител-пожарникар на 1 екипа** | **Единаковци** |
| **44** | **Мирослав Наќевски** | **Водител пожарникар на 2 екипа** | **Сопотница** |
| **45** | **Иве Спасевски** | **Извршител-пожарникар на 1 екипа** | **Света** |
| **46** | **Горан Богојовски** | **Извршител-пожарникар на 1 екипа** | **Света** |
| **47** | **Васко Бутковски** | **Извршител-пожарникар на 1 екипа** | **Слепче** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **48** | **Менде Геневски** | **Извршител-пожарникар на 2 екипа** | **Смилево** |
| **49** | **Оливер Николовски** | **Извршител-пожарникар на 2 екипа** | **Демир Хисар** |
| **50** | **Александар Мурговски** | **Извршител-пожарникар на 2 екипа** | **Сопотница** |
| **51** | **Игорче Цветановски** | **Извршител-пожарникар на 1 екипа** | **Демир Хисар** |
| **52** | **Александар Станковски** | **Извршител-пожарникар на 1 екипа** | **Демир Хисар** |
| **53** | **Владимир Ивановски** | **Извршител-пожарникар на 1 екипа** | **Белче** |
| **54** | **Љупчо Крстевски** | **Извршител-пожарникар на 2 екипа** | **Суводол** |
| **55** | **Кире Марковски** | **Извршител-пожарникар на 2 екипа** | **Кутретино** |
| **56** | **Оливер Павловски** | **Извршител-пожарникар на 2 екипа** | **Кутретино** |
| **57** | **Тони Секуловски** | **Извршител- пожарникар на 1 екипа** | **Вардино** |
| **58** | **Зоран Кузмановски** | **Извршител- пожарникар на 1 екипа** | **Демир Хисар** |
| **59** | **Александар Муловски** | **Извршител-пожарникар на 1 екипа** | **Слепче** |
| **60** | **Сашо Пејковски** | **Извршител-пожарникар на 2 екипа** | **Сопотница** |
| **61** | **Сашо Кузмановски** | **Извршител-пожарникар на 2 екипа** | **Сопотница** |
| **62** | **Саше Мирчевски** | **Извршител-пожарникар на 2 екипа** | **Прибилци** |
| **-ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ-** | | | |
| **63** | **Драганче Талевски** | **Командир на одделение** | **Демир Хисар** |
| **64** | **Николче Јошевски** | **Извршител-нуркач/спасител** | **Демир Хисар** |
| **65** | **Пеце Стојковски** | **Извршител-нуркач/спасител** | **Демир Хисар** |
| **66** | **Горан Талевски** | **Спасител** | **Демир Хисар** |
| **67** | **Оливер Талевски** | **Спасител** | **Демир Хисар** |
| **68** | **Игор Ангелевски** | **Спасител** | **Демир Хисар** |
| **69** | **Ивица Најдовски** | **Извршител-возач** | **Демир Хисар** |

**Член 3**

**Оваа одлука стапува во сила веднаш, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.**

**Изработил**
**Игор Дамјаноски**
**Br.08-932/1**
**16.11.2010**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Тони Ангелевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 71 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решението за формирање Комисија за примопредавање на деловни и магацински простории од општина Демир Хисар на правни и физички лица**

1.Го објавувам Решение за за формирање Комисија за примопредавање на деловни и магацински простории од општина Демир Хисар на правни и физички лица донесено од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 977/10**
**01.12.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***230.*** Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002) и член 94 став 3 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар„ бр.3/02), Градоначалникот на општина Демир Хисар донесува

Р Е Ш Е Н И Е

За формирање Комисија за примопредавање на деловни и магацински простории од општина Демир Хисар на правни и физички лица

1. Се формира Комисија за примопредавање на деловни и магацински простории кои се во владение на општина Демир Хисар и тоа:

   - Помошни простории ( пп-3, пп-4, пп-5 и пп-6) во Задружен дом с. Загориче на КП бр. 784/2 КО Загориче;
   - Деловен простор ( дп-2, дп-3, дп-4, дп-5 и ходник) во зграда-1 на КП бр. 1781/1 КО Демир Хисар;
   - Деловна просторија (дп-1) во зграда-1 на КП бр. 1781/1 КО Демир Хисар и
   - Деловни простории (дп-1, дп-2) во зграда-3 на КП бр. 1781/1 КО Демир Хисар

.

2. Комисијата се формира во состав:
   - Загорка Милошевска-претседател
   - Митко Јанкуловски-член
   - Томе Милошовски-член

3. Задача на Комисијата е да изврши примопредавање на деловните и магацински простории кои се во сопственост на општина Демир Хисар на следните правни и физички лица:
    - Помошни простории ( пп-3, пп-4, пп-5 и пп-6) во Задружен дом с. Загориче на КП бр. 784/2 КО Загориче на ДООЕЛ „АГРИКА МТ„ Демир Хисар;

    - Деловен простор ( дп-2, дп-3, дп-4, дп-5 и ходник) во зграда-1 на КП бр. 1781/1 КО Демир Хисар на ЗГ ЛД „ЕЛЕН„ Демир Хисар;

    - Деловна просторија (дп-1) во зграда-1 на КП бр. 1781/1 КО Демир Хисар на Менде Китановски, ул. „Маршал Тито„ бр. 57 Демир Хисар и

    - Деловни простории (дп-1, дп-2) во зграда-3 на КП бр. 1781/1 КО Демир Хисар на Кире Ивановски, ул. „Илинденска„ бр. 3 Демир Хисар.

4. Примопредавањето на деловниот простор Комисијата да го спроведе преку проверка и составување на записник за затекнатата состојба.
5. Оваа Решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.
6. По еден примерок да се достави до архива и именуваните.

Изготвил: Загорка Милошевска
Одобрил: Соња Наумовска

Бр.08 -931/1
15.11.2010 год.
Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник,
Тони Ангелевски с.р.

# *С О Д Р Ж И Н А*


| *Р.бр* | *НАЗИВ НА АКТОТ* | *Стр.* |
|---|---|---|
| **221** | Одлука за дополнување на Програмата за УП на Општина Демир Хисар за 2010 година | 1-2 |
| **222** | Одлука за отпочнувње на изработка на ЛУПД за проширување на капацитетите за работа за мешовито фармерство ,,Агрофарм,, Демир Хисар,,. | 3 |
| **223** | Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2011 година. | 4-11 |
| **224** | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување во Општина Демир Хисар за 2010 година | 12 |
| **225** | Програма за јавно осветлување во Општина Демир Хисар за 2011 година. | 13-14 |
| **226** | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Планот за развојни програми на општина Демир Хисар за 2010 година | 14-15 |
| **227** | План за развојни програми на општина Демир Хисар за 2011 година | 15-17 |
| **228** | Заклучок за усвојување на Информација за жетвените активности на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2010 година | 18 |
| **229** | Одлуката за кадровско пополнување на силите за заштита и спасување | 19-21 |
| **230** | Решение за за формирање Комисија за примопредавање на деловни и магацински простории | 22-23 |



***ИЗДАВА: ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР***
***Градоначалник Тони Ангелевски***

***КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА И ДИЗАЈН:***
***Виолета Пајковска***